**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

**Број 07- 16010**
**01-12 2010 година**
**Скопје**

Врз основа на член 69 од Закон за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ број 68/04, 127/06, 114/09, 83/10 и 140/10), а согласно Правилникот за поблиските критериуми за просторните, техничките уреди, како и формата и содржината на сертификатот за подготвеност за сообраќај на возилата („Службен весник на Република Македонија“ број 60/07 и 86/07), министерот за транспорт и врски го донесе следното

**О В Л А С Т У В А Њ Е**
**за издавање на сертификат за подготвеност**
**за сообраќај на возилата**

1. Се овластува Друштвото за внатрешен и надворешен промет АМСМ УСЛУГИ – ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, да издава Сертификат за подготвеност за сообраќај на возилата на испитно место Велес, ул. Моша Пијаде 6б.
2. Ова овластување се донесува врз основа на исполнување на пропишаните поблиски критериуми кои ги исполнуваат просторните и техничките уреди за вршење на проверка и испитување на возилата предвидени со Правилникот за поблиските критериуми за просторните, техничките уреди, како и формата и содржината на сертификатот за подготвеност за сообраќај на возилата („Службен весник на Република Македонија“ број 60/07 и 86/07), и согласно Записниците од Комисијата за разгледување на барањето за овластување на правно лице за издавање на сертификат за подготвеност за сообраќај на возилата составени на ден 20.10.2010 година и 28.11.2010 година.

**МИНИСТЕР**
**Миле Јанакиески**

Достава на:
- АМСМ УСЛУГИ ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА, Скопје
- Сектор за патен сообраќај и инфраструктура
- Архива